27212

Вечер * 15 јануари 1981 год

5451, 14,

ДЕНЕС НАПЛАДНЕ

# »СТОЛОВИ« ВО МСУ

Денес напладне во Музејот на современата уметност во Скопје ќе биде прикажана претставата „Столови" од Ежен Јонеско. Неа ја реализираат артистите Мара и Јон Исаја.

Со оваа претстава, што редовно се игра на Малата сцена во скопскиот Драмски театар, Музејот ја почнува и својата нова дејност — повремено организирање и на драмски претстави во своите изложбени простори. Информирани сме од МСУ дека за реализација на оваа замисла направен е и договор за соработка со Драмскиот театар, па во наредниот период во музејските простори ќе бидат прикажани повеќе претстави што се реализираат и на двете сцени во скопскиот театар.